SOCOTAB

Leaf tobacco

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив** | **ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | | **стр. 1 од 2** |
| **Тип на документ** | **Политика за одржливост на Групацијата** | **Документ бр.** | |
| **Ревизија бр.** | | **Важи од:** | |
| **Составена од:** | **МГА** | **Одобрена од:** | |

| | |
|---|---|
| **1. ЦЕЛ** | Сокотаб Групацијата има фундаментална одговорност кон нејзините партнери за исполнување на високи стандарди во заштитата на животната средина за поддршка на одржливо работење. Разбирањето на нашите ризици за животната средина и за приликите е клучно за одржувањето на нашите заложби кон заедниците во кои работиме.<br><br>Сокотаб препознава три основни ризици по животната средина низ нашето работење: користење на вода, создавање на отпад и емисии на стакленички гасови. Овие основни ризици по животната средина се идентификуваа со спроведување на преглед на партнерите за да се сфатат нашите клучни влијанија врз животната средина. |

| | |
|---|---|
| **2. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И СО ЕКОЛОГИЈАТА** | За поддршка на нашиот бизнис и на заложбите кон партнерите, Сокотаб ќе се усогласи со сите закони и регулативи за животна средина на локациите каде што работиме. Усогласувањето за животната средина е темел за да се биде и да се остане одговорен корпоративен граѓанин. Бројни закони и регулативи стапија на сила ширум светот во врска со заштита на животната средина со намалување, елиминирање или рестрикција во испуштањето или ослободувањето на контаминенти или загадувачи во воздухот, водата и почвата и за идентификување на влијанијата од климатските промени. Политиката на Сокотаб е да се придржува кон сите важечки закони и регулативи за животна средина. |

| | |
|---|---|
| **3. УПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И РИЗИЦИ** | Сокотаб ќе продолжи со следење и управување на своите влијанија врз животната средина на одржлив и одговорен начин. Ќе продолжиме да управуваме со водите на одржлив и на одговорен начин. Ќе продолжиме да го редуцираме отпадот, повторно ќе го употребуваме или рециклираме кога е изводливо. Ќе продолжиме да ја подобруваме ефикасноста и ќе работиме за употреба на обновливи горива во нашето работење и во синцирот на снабдување. Исто така ќе промовираме пошумување и користење на дрвото од одржливи извори во нашето работење и во нашиот синцир на снабдување. Овие активности ќе бидат дел од нашите напори за идентификување на климатските промени и управување со нашите ризици од климатските промени. |

| | |
|---|---|
| **4. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** | За да продолжи со исполнување на високите стандарди за животна средина, Сокотаб ќе се ангажира со разни партнери и постојано ќе го прегледува своето работење. Ќе продолжиме да го проценуваме нашето влијание и да имплементираме најдобри практики за менаџирање на локациите каде што работиме. Исто така ќе ја подигнуваме свеста на вработените за овие влијанија врз животната средина и ќе ја спроведуваме оваа политика со нашите добавувачи. |

| | |
|---|---|
| **5. ЛОКАЛНО РАБОТЕЊЕ** | Врз основа на конкретните работни средини како и важечките ИСО стандарди нашите локални тимови ќе развиваат политики и програми погодни за локалната работна средина, ќе ставаат на располагање ресурси на компанијата и ќе ја едуцираат нашата работна сила за да се придржува кон важечките закони, на Кодексот за однесување на Сокотаб и другите политики за усогласеност и на оваа Политика за заштита на животната средина. |

| | |
|---|---|
| **6. РЕВИЗИЈА** | Извршниот тим на Сокотаб редовно ќе ја прегледува оваа политика и ќе ја изменува кога ќе биде потребно. |